**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-125/5**
**20.02.2024 година**
**Струга**

| | |
|---|---|
| **ПСУ„Јахја Кемал“ - Скопје, истурена образовна единица - Струга** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18, 19, 20 декември 2023 година |
| **Број на извештај:** | 18/ Југозападен / 2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Виолетка Џутеска |
| **Вид на училиштето:** | средно |
| **Подрачни училишта:** | / |
| **Основач на училиштето:** | Приватно средно училиште |
| **Наставен јазик:** | англиски, македонски , турски и албански |
| **Број на ученици:** | 106 |
| **Полова структура на ученици:** | 53 машки и 53 женски |
| **Број на наставници:** | 25 |
| **Претседател на управниотодбор:** | Танер Север |
| **Директор на училиштето:** | Танер Север |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 08 - 10 октомври 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул:„Мислешевски пат“ бб, -Струга |
| **Телефон:** | 046/787-441 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | info@ykc.edu.mk |
| **web страна:** | www.ykc.edu.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | Многу добро (3,79) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РСМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 18 до 20 декември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга работи многу добро (3,79)[1].

Учениците и вработените во ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Наставата во училиштето се реализира според наставни планови и програми за гимназиско образование изготвени од Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика за реализација преку изготвување на годишно-глобални, тематски и оперативни планови за задолжителна настава, додатна, дополнителна настава и секции.

Во втора година кај учениците се спроведува анкета за избор на насока (општествено- хуманистичка и природно-математичка).

Покрај редовната настава во училиштето се планира и реализира: дополнителна, додатна, консултативна настава и воннаставни активности.

Секоја година во училиштето се организираат предметни недели каде учениците преку активно учество во изведување на експерименти имаат можност она што теоретски го научиле да го применат во пракса.

Според интересот што го пројавуваат учениците се планираат воннаствни активности преку работа на повеќе секции. Преку однапред изготвени програми и календар на активности сите ученици се вклучени по сопствен избор во некој од клубовите кои функционираат во училиштето. Еднаш годишно се организира воннаставна активност „Симулација на дипломатски прием“ во организација на учениците од четврта година под менторство на наставник.

Во училиштето постои процедура за учество на учениците на меѓународни олимпијади, државни манифестации, натпревари и проекти од различни области каде имаат освоено голем број на награди, признанија, дипломи и пофалници.

Секоја година се организира хуманитарна акција и саем на кој учениците собираат средства од продажба на храна и истите се донираат во хуманитарни цели . Учениците кои постигнале значаен успех добиваат дополнителни награди од страна на директорот на училиштето и Генералната дирекција.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се и се релизираат повеќе еднодневни, дводневни и повеќедневни екскурзии во кој активно се вклучени и родителите.

[1]Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Во училиштето има регистриран училишен спортски клуб и има свои спортски екипи (фудбал, кошарка, одбојка, пинг понг, веслање, шах) кои учествуваат на натпревари. Во училиштето во сите вонннаставни активности како и во редовната настава вклучени се ученици од различен етнички состав, училиштето не е вклучено во реализација на „Проектот МИО “ но има бројни мултиетнички активности и е пример за негување на соживотот и почитување на мултикултурализмот. ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга, редовно и уредно подготвува статистички извештаи за постигањата на учениците по сите наставни предмети и класификациони периоди. Преку менторски систем на водење на класот училиштето превзема активности за подобрување на постигањата на учениците. За секој клас одредени се ментори. Во насока на подобрување на постигањата на учениците и за учениците кои од одредени причини заостануваат во совладувањето на одредени наставни содржини по одредени предмети во текот на годината се организира и реализира дополнителна настава.

Посебно внимание се посветува на додатната настава која се реализира за талентираните ученици кои имаат и покажуваат посебни способности, интереси и афинитети кон одредени предмети и области. Најуспешните ученици систематски се подготвуваат, ги надградуваат своите знаења, способности и вештини и учествуваат на училишни, државни и меѓународни натпревари и олимпијади. Училиштето има освоено бројни награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и олимпијади. Во последните три учебни години постигнати се високи резултати на полагањето на испити од државна матура.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Наставниците користат соодветни и добро испланирани методи, форми и техники за работа. Користените приоди и активностите на наставниците кон сите ученици се со различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Училишните простории (кабинети, лаборатории, мултимедијални простории и учлниците опремени со смарт табли) се стимулирачка и мотивирачка средина за учениците. Училишната зграда овозможува непречена реализација на современ воспитно-образовен процес. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за учениците. Училиштето е под 24 часовен видео надзор и има чуварска служба.

Училиштето има Правилник за заштита од пожар, евакуација и спасување, за кој има согласност од Дирекција за заштита и спасување број 09/1-159/2 од 23 декември 2021 година. Изведени се и симулации во изминатите 3 учебни години. Во склоп на годишната програма за работа на училиштето(број 0201/39 од 31.08.2023 година) изработен е „План на кризен тим“ во кој се прецизно дефинирани обврските на вработените во училиштето во случај на елементарни непогоди или други кризни ситуации. Редовно се одржуваат и сервисираат ПП апаратите и хидрантите со кои располага училиштето. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните простории, училишниот дом и во кујната која е во склоп на училиштето. Изработен е План за превенција од насилство ( број 0201/47 од 31.08.2023 година). Редовно се врши испитување и мерење на заштитното заземјување на нисконапонската инсталација.

Поголем број наставници се обучени за давање на прва помош на учениците во случај на повреди. Дел од учениците се вклучени во тим за Прва помош кои учествуваат на општински и државни натпревари.

Хигиената во училиштето е на високо ниво.

Се врши редовна контрола на квалитетот на водата од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“- Охрид. Учениците и вработените се осигурани на доброволна основа, а објектите на училиштето редовно се осигуруват. Во спортската сала има комплетно опремени соблекувални и туш-кабини. Училиштето располага со просторија за одмор и средства за прва помош во случај на повреди на учениците и вработените. За поуспешно продолжување на образованието на учениците им се дава помош при изработка на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа, курсеви за ТОЕФЛ и САТ.

Во училиштето се врши следење на учениците по завршување на средното образование. Училиштето има регистрирано спортски клуб заведен во Централен регистар под деловоден број 30120190017727. Во училиштето за учениците се вршат посебни подготовки за полагање на испитите од државна матура и се врши пробно полагање. Во училиштето взаемното почитување меѓу сите субјекти е на завидно ниво и има рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Формирана е ученичка заедница која работи по сопствена Програма за работа со што учениците се вклучени во работата на училиштето. Дисциплината во училиштето е многу добра и континуирано се води грижа за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите, одморите, при приемот на ученици и при нивното заминување од училиштето. Соодветно се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Формирана е Комисија за дисциплина која води досиеја за дисплина за секој ученик за што родителите редовно добиваат информации преку електронскиот дневник на училиштето.

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат со особено внимание.

Училиштето соработува со деловната заедница, невладини организации, релевантни институции, меѓународни организации и универзитети, спортски организации и федерации, учествува на научни саеми, работилници и проекти. Остварува соработка со меѓународните организации кои организираат натпревари .

Има соработка со универзитетите во Македонија, Романија, Бугарија, Албанија и Босна и Херцеговина. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Орган на управување во ПСУ „Јахја Кемал“ - Скопје е Генералната управа која е под надлежност на Бордот на директори. Неговите надлежности и овластувања се дефинирани во Статутот на училиштето (број 0101-02/253 од 30.05.2019 година). Во секоја образовна единица раководен орган е директорот кој истовремено е и претседател на Управниот одбор на образовната единица.

Во Програмата за развој на училиштето (заведена под број 0302/3 од 20.02.2023 година) дефинирани се целите кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на постигањата на учениците. Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализа на состојбата и искористување на потенцијалите на училиштето кои се опфатени во изработената Самоевалуација заведена под број 0302/35 од 30.11.2022 година.

## Карактеристики на училиштето

Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ - Скопје, образовна единица - Струга се наоѓа во близина на градот Струга на ул:„Мислешевски пат“ бб, лесно пристапно за учениците, родителите и другите заинтересирани посетители.

На 16 септември 1996 година со Одлука на Владата на Република Северна Македонија број 23-2497/1 е основано Приватното средно училиште „Јахја Кемал“, а наставата за прв пат започнува на 04.11.1996 година.

Како основач/сопственик на Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ - Скопје во Централниот регистар на Република Северна Македонија внесено е Друштвото за угостителство ЧАГ ДОО Скопје извод број 0805-50/150120230012544 од 04.05.2023 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со акт број 11-1752/25 од 25.12.1996 година издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Воспитно-образовниот процес во ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга се реализира во современа училишна зграда од тврда градба (приземје и два ката) и училишен двор во кој се наоѓаат повеќе придружни објекти на училиштето за потребите на наставата и за интернатски услуги на учениците.

Во рамки на училиштето се остваруваат наставни планови и програми од гимназиско образование природно-математичко и општествено - хуманистичко подрачје.

Наставата во училиштето се одвива кабинетски на англиски, турски, македонски и албански јазик. Наставата по одредени предмети (историја и географија) за трите наставни јазици се изведува на мајчин јазик. Во прва година се применува посебна програма со зголемен фонд на часови за јазиците со акцент на изучувањето на англискиот јазик. Комплетната планирана годишна наставна програма е во соодност со утврдените наставни планови и програми на Министерството за образование и наука.

Училиштето располага и со интернатски дел кој се наоѓа на вториот и третиот кат во кој се сместени учениците на колеџот и располага со 32 соби.

Затоплувањето во училиштето се врши со парно греење.

Училиштето е целосно оградено и хортикултурно уредено со обезбеден влез и лифт за лица со физички недостатоци.

Целиот училишен простор е под 24 часовен видео надзор.

Оваа учебна година наставата ја следат 106 ученици организирани во 6 паралелки.

Вработени се вкупно 25 наставници во ПСУ „Јахја Кемал“- 1 секретар, 1 референт за информации, 1 психолог и друг персонал.

Училиштето остварува соработка со институции од локалната средина, деловната заедница, здруженија на граѓани и невладини организации од Република Северна Македонија и надвор од неа.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во училиштето се реализира според наставни планови и програми за гимназиско образование изготвени од Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика за реализација преку изготвување на годишно-глобални, тематски и оперативни планови за задолжителна настава, додатна, дополнителна настава и секции. Пред почетокот на секоја учебна година годишните планирања на наставниците се прегледуваат и одобруваат од генералната дирекција.

Во училиштето не се изработуват ИОП бидејќи нема запишано такви ученици.

Содржините од наставните програми целосно се реализираат, со предвидениот фонд на часови, согласно наставните планови и програми.

Во втора година кај учениците се спроведува анкета за избор на насока (општествено- хуманистичка и природно-математичка). Секој родител писмено е известен за добиените резултати по извршената анализа од спроведената анкета, а на крајот од учебната година на родителски средби дополнително им се презентираат понудените насоки.

Покрај редовната настава во училиштето се планира и реализира: дополнителна, додатна, консултативна настава и вонаставни активности.

Секоја година во училиштето се организираат предметни недели каде учениците преку активно учество во изведување на експерименти имаат можност она што теоретски го научиле да го применат во пракса.

Сите планирани активности, информациите и донесените одлуки во врска со наставните планови и програми кои се предвидени за реализација се достапни за наставниците, а на почетокот на учебната година учениците и родителите се запознаваат со нив преку добивање на печатен материјал.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, развивањето на самодоверба, иницијативност и одговорност се реализира преку активното вклучување во многубројни проекти на сите ученици без разлика на пол, вера или социјален статус.

Постои едукативна поддршка на наставниците во подготвување и осовременување на содржините на наставните програми.

Наставниците конкретизираат цели за секој наставен час. Тие се едуцирани систематски да ги следат постигањата на учениците и применуваат нови начини на следење и оценување од кои се очекува да се подобри учењето и мотивацијата кај учениците.

### 1.3 Воннаставни активности

Воннаставните активности се планирани во Годишната програма за работа на училиштето, а истите се реализираат според интересот на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Најголем број на ученици се вклучени во барем една воннаставна активност. За планирањата, организацијата и реализацијата на воннаставните активности во училиштето е задолжено одговорно лице.

Според интересот што го пројавуваат учениците за учебната 2023/24 година се планираат воннаствни активности преку работа во секциите: математичка, физика-хемија, биолошко-еколошка, информатичка, јазични, спортска, општествено-културна дејност и секција за хигиена и прва помош а дополнително доколку учениците пројават интерес за други активности на нивна иницијатива истите се реализираат.

Преку однапред изготвени програми и календар на активности сите ученици се вклучени по сопствен избор во некој од следните клубови: клуб по новинарство, клуб за поезија и литература, клуб по социологија, клуб за танци, клуб по велосипедизам, клуб по прва помош, веслачки клуб, клуб за дебата, фотографски клуб, клуб по математика, хуманитарен клуб, клуб по наука и клуб по уметност. Во клубовите се изучуваат најразлични вештини и содржини, а секој од нив организира изложби, натпревари и настани. Организирани се настани по повод „Денот на мирот“.

Во училиштето во тек е изработка на училиштен весник „The YKC Times“ кој ќе се издава два пати годишно, каде ќе се промовират активности од работата и животот на учениците во училиштето. Еднаш годишно се организира воннаставна активност „Симулација на дипломатски прием“ во организација на учениците од четврта година под менторство на наставник. Во училиштето постои процедура за учество на учениците на меѓународни олимпијади, државни манифестации, натпревари и проекти од различни области каде имаат освоено голем број на награди, признанија, дипломи и пофалници.

Секоја година се организираат кампови за учениците-учесници на олимпијади. За нив се организираат интензивни предавања по што се спроведува процедура за избор на уценици во тимовите за учество на олимпијади. Секоја година се организира хуманитарна акција и саем на кој учениците собираат средства од продажба на храна и истите се донираат во хуманитарни цели. Презентирање на постигањата на учениците и освоените награди од натпревари се врши на ниво на училиште, во локалните медиуми и соопштување на освоените награди во истурените образовни единици на ПСУ „Јахја Кемал“ во сите градови и на социјалните мрежи. Учениците кои постигнале значаен успех добиваат дополнителни награди од страна на директорот на училиштето и Генералната дирекција.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се и се релизираат повеќе еднодневни, дводневни и повеќедневни екскурзии во кој активно се вклучени и родителите.

Во училиштето има регистриран училишен спортски клуб и има свои спортски екипи (фудбал, кошарка, одбојка , пинг понг, веслање, шах) кои учествуваат на натпревари.

Во училиштето во сите воннаставни активности како и во редовната настава вклучени се ученици од различен етнички состав, училиштето не е вклучено во реализација на „Проектот МИО“ но има бројни мултиетнички активности и е пример за негување на соживотот и почитување на мултикултурализмот. Наставниците имаат изработено Програма за воннаставните активности и истите уредно се евидентираат. Реализацијата на воннаставните активности е добра.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга, редовно и уредно подготвува статистички извештаи за постигањата на учениците по сите наставни предмети и класификациони периоди. Училиштето има изготвени полугодишни и годишни извештаи во кои има показатели за постигањата на учениците по паралелки, години, пол и етничка припадност.

Според извршената анализа на постигањата на учениците во последните три учебни години се забележува мало зголемувањево постигнатиот среден успех и тоа:

- 2020/21 година-среден успех: 4,5
- 2021/2022 година-среден успех: 4.5
- 2022/2023 година-среден успех: 4,7

Постои мала разлика во постигнувањата на учениците во прво полугодие и на крајот на учебната година, обично има благо зголемување на успехот.

Училиштето има утврдени интерни постапки - водење на евидентни листи од страна на секој предметен наставник за редовно следење на постигнувањата на учениците преку тестови, устен дел, домашни задачи, проекти и учества на натпревари.

Преку менторски систем на водење на класот училиштето превзема активности за подобрување на постигањата на учениците. За секој клас одредени се ментори. Од страна на менторите се вршат редовни посети на домовите на учениците во прва година, за нивно подобро запознавање и изнаоѓање начин за постигнување на поголем успех на ученикот.

Во насока на подобрување на постигањата на учениците и за учениците кои од одредени причини заостануваат во совладувањето на одредени наставни содржини по одредени предмети во текот на годината се организира и реализира дополнителна настава.

Посебно внимание се посветува на додатната настава која се реализира за талентираните ученици кои имаат и покажуваат посебни способности, интереси и афинитети кон одредени предмети и области. Најуспешните ученици систематски се подготвуваат, ги надградуваат своите знаења, способности и вештини и учествуваат на училишни, државни и меѓународни натпревари и олимпијади.

Училиштето има освоено бројни награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и олимпијади.

Во последните три учебни години учениците од ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга ги освоиле следните награди на:

- Регионални натпревари:
  - 2020/2021 година 3 први места, 3 втори места и 9 трети места
  - 2021/2022 година 3 први места, 2 втори места и 8 трети места
  - 2022/2023 година 6 први места, 3 втори места и 5 трети места
- Државни натпревари:
  - 2020/2021 година 1 второ место
  - 2021/2022 година 1 второ место
  - 2022/2023 година 1 прво место
- Меѓународни натпревари и олимпијади –проекти:
  - 2020/2021 година година 44 први места, 53 втори места и 14 трети места
  - 2021/2022 година година 111 прво место, 89 втори места и 15 трети места
  - 2022/2023 година 12 прво место, 14 втори места и 11 трети места

Во последните три учебни години постигнати се високи резултати на полагањето на испити од државна матура.

Учениците во континуитет имаат многу добри постигања на државната матура.

Во последните три учебни години сите ученици полагале државна матура и биле со примерно поведение.

### 2.2 Задржување/осипување на ученици

Своето средно образование во ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга, во најголем број го завршуваат ученици од општините Струга, Охрид, Кичево, Дебар, Ресен, Битола, Прилеп и други општини од РС М.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.

Во 2020/2021 година просечниот број на изостаноци по ученик (оправдани/неоправдани) изнесува 41.5 оправдани и 0 неоправдани, во 2021/2022 година просечниот број на изостаноци по ученик (оправдани/неоправдани) изнесува 76.1 оправдани и 0.9 неоправдани и во 2022/2023 година просечниот број на изостаноци по ученик (оправдани/неоправдани) изнесува 102.3 оправдани и 0.02 неоправдани.

При појава на зачестено отсуство од настава или намалување на успехот на учениците психологот во училиштето врши советување на родителите и учениците согласно Закон. Во последните две учебни години извршени се советувања на родители : учебна 2021/2022 година 12 советувања, а во учебната 2022/2023 година 29 советувања. Ефектот од спроведените советувања е позитивен и се одразува на подобрување на редовноста и успехот на учениците.

Бројот на ученици кои го напуштаат училиштето е незначителен, а училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот на ученикот во друго училиште или при прием на нов ученик се почитува законската регулатива и истото се врши со преведница.

### 2.3 Повторување на учениците

Нема ученици кои ја повториле годината, а училиштето има утврдени процедури и се превземаат активности во тек на целата учебна година за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

Постигањата на учениците се многу добри.

# 3 Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и одговорните на стручните активи. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и одговорните на стручните активи.

Сите наставници изготвиле годишни, тематски планирања и оперативни планови за реализација на наставен час. Планирањата кај сите наставници содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат и кои цели треба да се постигнат.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањето. Информациите од оценувањето се користат за да се идентификуваат потребите на учениците и да се планираат следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, кај поголем дел од наставниците се планирани за ефективно искористување на времето на учениците.

Наставниците имаат изготвени годишни и тематски планирања за додатна и дополнителна настава и имаат изработено подготовка за наставен час за дополнителна и додатна настава.

Во соработка со стручните активи на ниво на ПСУ „Јахја Кемал“, наставниците во училиштето планираат и разменуваат искуства и идеи за планирањето.

Распоредот на часови го прави заменик-директорот во соработка со наставниците, најмногу почитувајќи ги потребите и интересот на учениците.

Сите активности во училиштето се реализират со ученици од различен етнички состав и посебно се негува мултикултурализмот и почитување на различностите.

### 3.2 Наставен процес

Наставниците користат соодветни и добро испланирани методи, форми и техники за работа. Методите што ги користат наставниците при реализацијата на наставните содржини се соодветно избрани и на учениците им овозможуваат да работат во групи, индивидуално или парови и активно да учествуваат во работата на часот и воннаставните активности. Користените приоди и активностите на наставниците кон сите ученици се со различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час од страна на директорот или одговорниот на стручниот актив најмалку два пати во текот на едно полугодие. Постои практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

Во реализацијата на наставните активности наставниците користат различни ресурси и приоди користејќи ги не само одобрените учебници туку и дополнителна литература.

Интеракцијата со учениците е во насока на промовирање на учењето и градење доверба меѓу наставниците и учениците.

Целосната примена на современите образовни техники овозможува активно вклучување на учениците во процесот на наставата и практикување на различни начини на учење.

Учениците се третираат подеднакво без разлика на пол, етничка, социјална припадост или постигнат успех.

Училиштето располага со кабинет по информатика кој е опремен со 25 мрежно поврзани и функционални компјутери. Предметните лаборатории и мултимедијалните простории во училиштето се опремени со компјутери и смарт табли и истите континуирано се користат за реализација на наставата. Наставниците во своите тематски планирања имаат предвидено часови со примена на ИКТ. Сите наставниците користат ИКТ при реализација на наставата.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Училишните простории (кабинети, лаборатории, мултимедијални простории и училниците опремени со смарт табли) се стимулирачка и мотивирачка средина за учениците. Училишната зграда овозможува непречена реализација на современ воспитно-образовен процес.

Учениците сметаат дека се учи на интересен начин. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Подготвени се да преземат одговорности во и надвор од наставата.

Учениците мислат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Тие заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Училиштето континуирано го следи развојот на учениците, нивните образовни потреби и афинитети.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознава образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик, систематски се идентификуваат и се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките.

Образовните потреби на учениците се определуваат индивидуално и со мерките кои се преземаат се настојува максимално да се реализираат потенцијалите со кои располага ученикот.

Најголемиот број на наставници преку примена на различни методи им овозможуваат на учениците преку различни стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценување и усогласени критериуми за оценување со кои целосно се запознати родителите и учениците.

Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување, континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците со учениците разговараат за нивниот напредок и постигањата и им даваат редовно повратна информација. Повратната информација содржи детали за постигањата и за следните активности што треба да се преземат. Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. Оценувањето се врши со следење, наблудување, тестови, контролни задачи, писмени работи и чек листи .

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците. Наставниците даваат општа повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. Во текот на една учебна година се организираат родителски средби а исто така се закажуват и индивидуални средби со родители. Родителите во секое време имаат можност да разговаат со сите наставници, службата и директорот на училиштето. Тие добиваат информации и во електронска форма преку електронскиот дневник што интерно се води во училиштето и пишани извештаи за секое тримесечие со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет.

Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за учениците. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето е под 24 часовен видео надзор и има чуварска служба. За изведување на практични вежби и експерименти по природните предмети учениците користат заштитна опрема. Училишниот двор е целосно ограден и хортикултурно уреден.

Училиштето има Правилник за заштита од пожар, евакуација и спасување, за кој има согласност од Дирекција за заштита и спасување број 09/1-159/2 од 23 декември 2021 година. Изведени се и симулации во изминатите 3 учебни години. Во склоп на годишната програма за работа на училиштето изработен е „План на кризен тим“ во кој се прецизно дефинирани обврските на вработените во училиштето во случај на елементарни непогоди или други кризни ситуации. Планот за евакуација во случај на елементарни непогоди е поставен на видно место. Редовно се одржуваат и сервисираат ПП апаратите и хидрантите со кои располага училиштето, (последен сервис на ПП апарати е извршен на 06.12.2023 година), се врши редовно испитување на хидрантската мрежа (последно испитување на 06.12.2023 година) и заштита од атмосферски празнења (последно испитување на 06.12.2023 година).

Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните простории, училишниот дом и во кујната која е во склоп на училиштето (последна контрола 30.08.2023 година) од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ - Охрид.

Изработен е План за превенција од насилство (број 0201/47 од 31.08.2023 година). Училиштето поседува 23 хидранти и 32 ПП апарати истите се распоредени во ходниците и останатите простории.

Редовно се врши испитување и мерење на заштитното заземјување на нисконапонската инсталација.

Поголем број наставници се обучени за давање на прва помош на учениците во случај на повреди. Дел од учениците се вклучени во тим за Прва помош кои учествуваат на општински и државни натпревари.

Децата и возрасните во училиштето запознаени се со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници. Училиштето во склоп на Годишната програма за работа има изработено „План за превенција од насилство“.

Одржани се предавања: „Пороците на современото живеење“ и „Ненасилно разрешување на конфликти“.

Извршена е презентација „Безбедност во собраќајот и прва помош при собраќајни незгоди“ во организација на Црвен крст - Струга.

Организирани се работилници за учениците од завршните години „Помош за аплицирање на факултети во државата и во странство“, „Помош при изработка на проекти за учество на натпревари“.

Во соработка со Министерството за внатрешни работи училиштето води успешна политика за превенција од дрога, алкохол и пушење преку организирање на предавања и работилници. Не се забележани појави на внесување и користење на алкохол и наркотични средства. На дел од класните часови изготвени се презентации за штетното влијание на алкохолот и наркотичните средства.

Во училиштето нема ученици со телесни пречки или ученици од социјално загрозени семејства но сите структури во училиштето редовно учествуваат на покани за помош и поддршка на овие категории.

ПСУ „Јахја Кемал“ организира приемни испити кои им овозможуваат рамноправно учество на сите ученици, а по изготвувањето на бодовната ранг листа првите 15 ученици добиваат процентуални стипендии и попусти за школарина.

Превозот на учениците кои патуваат во училиштето го организираат родителите на учениците, тие вршат избор на превозникот и сами го финансират, училиштето е вклучено само како контрола на квалитетот на услугите.

Обезбедено е сместување во интернатскиот дел во училишната зграда за учениците од другите градови.

За учениците во училиштето има организирана исхрана која редовно се служи во училишниот ресторант од страна на Друштвото за угостителство „ЧАГ“ ДОО Скопје. Ресторантот работи по HACCP – системот, а сите вработени вршат редовни систематски прегледи.

Се вршат редовни контроли од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ - Охрид за потврдување на квалитетот на храната. Се води кампања за подготвување и консумирање на здрава храна.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на високо ниво.

Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните простории, училишниот дом и во кујната која е во склоп на училиштето.

Се врши редовна контрола на квалитетот на водата од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ - Охрид.

Учениците и вработените се осигурани на доброволна основа, а објектите на училиштето редовно се осигуруват.

Одржано е предавање за дијабетис и работилница за мерење на шеќер и крвен притисок и одредување на крвна група во кои учество зеле професори и ученици.

Од страна на психологот во училиштето извршено е предавање на тема „Ненасилно решавање на конфликти“ и „Пороци на современото живеење“.

Во спортската сала има комплетно опремени соблекувални и туш-кабини.

Дворот на училиштето е чист, хортикултурно уреден, а сите земјени површини се посеани со трева и редовно се одржуваат.

Обезбедени се доволно корпи за отпадоци за објектот, дворот и паркингот на училиштето.

Во Годишната програма за работа на училиштето предвидено е и се следат пропишаните норми за редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците.

Во училиштето нема случаи на ученици кои заради хронични здравствени проблеми не посетуваат настава.

Училиштето располага со просторија за одмор и средства за прва помош во случај на повреди на учениците и вработените.

На ниво на училиште се организираат предавања за заштита и превенција од заразни болести и болести на зависност.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување на учениците.

Се организираат предавања, анкетирање, тестирање за професионална ориентација и разговори со учениците и родителите за понатамошното образование. Се организира промоција и средби со претставници на државните и приватните универзитети од Република Северна Македонија и високообразовните институции од странство. За полесно избирање на соодветната образовна институција, за поуспешно продолжување на образованието на учениците се користат разновидни пристапи: самооценување на вештините и интересите на учениците, помош при изработка на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа, курсеви за ТОЕФЛ и САТ. На секој ученик му се одредува Ментор-задолжен за консултации и ориентација за високо образование и се вршат тестирања за професионална ориентација на учениците.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на сите ученици. Се води електронска евиденција со сите податоци за напредокот, постигањата, редовноста, поведението и домашните задачи на учениците кои се достапни на родителите и учениците. Секој предметен наставник го следи индивидуалниот напредок на секој ученик.

Се изготвуваат табеларни прегледи по класификациони периоди, по паралелки, по пол, по национална припадност, полугодишни и годишни извештаи на ниво на училиште кои се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето и истите се разгледуваат на советот наставници на ниво на училиште и од страна на Генералната дирекција.

Резултатите од анализите на успехот, редовноста и поведението се користат за подобрување на воспитно образовниот процес.

Во училиштето се врши следење на учениците по завршување на средното образование. Училиштето има податоци за тоа каде нивните матуранти го продолжуват своето образование. Дел од учениците своето образование го продолжуваат на универзитети во странство каде конкурират и добиват стипендии на еминентни универзитети во САД , Англија, Русија, Австрија, Германија, Словенија, Хрватска, Србија, Австралија, Албанија и други земји.

## 5 Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Учениците и вработените во ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето за учениците обезбедува висок квалитет на услови и услуги и е препознатливо во средината како според квалитетот така и според големиот број на освоени награди и признанија од учество на многубројни државни и меѓународни натпревари и работа на повеќе проекти од различни области. Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, како и родителите и Куќен ред. Овие кодекси се истакнти во холот на училиштето и се почитуваат. Во случај на прекршување на правилата и принципите од кодексот на однесување се преземаат мерки за нивно надминување со активно вклучување на сите страни. Во училиштето взаемното почитување меѓу сите субјекти е на завидно ниво и има рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Училиштето како мултинационална образовна средина им нуди поддршка во индивидуалниот развој на сите ученици без разлика на пол, етничка или верска припадност сè со цел постигнување на врвни резултати, води грижа за здравјето и безбедноста на учениците, ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја јакне партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците на одржаниот состанок истакнаа дека сите вработени во училиштето посветуваат внимание на заемната соработка, меѓусебната грижа и обезбедување на добра атмосфера за работа. Тие активно се вклучени и придонесуваат во сите активности кои се реализираат во училиштето и надвор од него. Формирана е Ученичка заедница

која работи по сопствена Програма за работа со што учениците се вклучени во работата на училиштето.Дисциплината во училиштето е многу добра и континуирано се води грижа за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите, одморите, при приемот на ученици и при нивното заминување од училиштето. Соодветно се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Формирана е Комисија за дисциплина која води досиеја за дисциплина за секој ученик за што родителите редовно добиваат информации преку електронскиот дневник на училиштето.

Во училиштето нема запишани ученици со посебни образовни потреби.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат со особено внимание. Учениците имаат можности, согласно своите способности и афинитети, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Учениците имаат можност да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Трудовите на учениците, добиените дипломи, пофалници и признанија, добиените награди се истакнуваат на соодветен начин и се изложуваат на видни места во училиштето. Средината за учење ги мотивира учениците да постигнуваат повисоки цели и резултати. Училиштето има „Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците“ и има развиен систем за наградување на учениците.

Сите актуелности и постигнати резултати на учениците се промовираат на web-страната на училиштето. Во подготовка е издавање на училишен весник каде исто така би се промовирале постигањата на учениците, а првото издание е планирано да излезе во печат во второто полугодие. Постигањата на учениците се промовират на свечена церемонија за доделување на дипломи и признанија за освоени награди на натпревари и конкурси. Во училиштето се организира „Саем за наука, јазик и култура“ каде се промовират постигањата на учениците од областа на науката, културните вредности и мултикултурализмот по кој е препознатливо училиштето. Училиштето организира и отворени денови каде училиштето го посетуват ученици и родители од основните училишта во регионот. Учениците имаат можност да ја изразат својата креативност при реализација на наставата, воннаставните активности и работата на многубројни проекти. Во училиштето постои систем на наградување на учениците и нивните наставници-ментори кои постигнале значајни успеси и кои го промовирале училиштето со своите активности.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитуваат во случај на нивно нарушување. Вработените во училиштето имаат еднаков однос кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Во сите пишани документи училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се обучуваат за препознавање и справување со прашања поврзани со дискриминацијата во училиштето.

Доколку учениците забележат било каква форма на повреда на туѓите или на личните права, во секое време можат да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или

до стручната служба во училиштето. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето во континуитет создава услови и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовнието на своите деца и во животот на училиштето. Информациите кои се од важност за животот во училиштето, се јасни и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Навремено се известени за напредокот на нивното дете и можат во секое време за некој проблем да се обратат до стручната служба и директорот на училиштето. Училиштето соработува со деловната заедница, невладини организации, релевантни институции, меѓународни организации и универзитети, спортски организации и федерации, учествува на научни саеми, работилници и проекти. Остварува соработка со меѓународните организации кои организираат натпревари. Претставници од училиштето редовно земаат учество на многубројни спортски натпревари организирани од повеќе спортски федерации, а училиштето се јавува и како домаќин и организатор на повеќе спортски општински и државни натпревари.

Училиштето реализира донаторски акции и активно учествува во хуманитарни акции, дел организирани од Црвен крст по повод „Денот на стари лица“, „Меѓународен ден за борба против гладта“ и акција за помош на деца со посебни потреби, хуманитарна акција со „Порака Нова“ во Струга. Училиштето остварило соработка со градските болници во Охрид и Струга - проект на учениците за испитување на болести преку здив. Има соработка со универзитетите во Македонија, Романија, Бугарија, Албанија и Босна и Херцеговина.Училиштето остварува соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар со цел да се следат новините во наставните планови и програми и други прашања кои се битни за образованието во целина.

# 6 Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Во ПСУ „ЈахјаКемал“ - Струга, наставата се реализира во современа училишна зграда од тврда градба со површина од 7341 м2. Училиштето располага и со училишен двор во кој се наоѓаат повеќе придружни објекти наменети за потребите на наставата и за интернатските услуги на учениците. Во учебната 2023/2024 година во интернатот се сместени 3 ученици.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците. Големината на училниците е соодветна за бројот на учениците. Училиштето располага со 12 предметни училници, 3 лаборатории по природни науки (биологија, хемија, физика), лабораторија по информатика, кабинети за јазици - македонски, турски и албански јазик, кабинет за општествени науки, кабинет наменет за подготовка на ученици

за државни и меѓународни натпревари, мултимедијална просторија која се користи во текот на наставата за изработка на проекти од учениците и за презентации поврзани со програмата на училиштето и соработката со други институции, голем и мал амфитеатар (киносали), просторија за фотокопирање, спортска сала опремена според нормативот, соблекувални за учениците, тоалети за учениците и вработените, два отворени спортски терени и училишен двор со стандардизирана квадратура и хортикултурно уреден. Во училиштето сместена е кујна со трпезарија и кафетерија за потребите на учениците и наставниоткадар.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и вонnaставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сите простории располагаат со соодветна опрема за информатичката технологија и училиштето има целосна покриеност со интернет мрежа.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Континуирано се утврдуваат потребите за наставни средства и помагала, книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опремаи истите редовно се обновуваат за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку континуирано користење на ИКТ и активните (смарт )табли. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет, а освен мрежна, има потполна покриеност и со Wireless интернет. Училишната библиотека располага со вкупно 3966 книги од кои: 2070 на англиски јазик , 685 на македонски јазик , 1117 на турски јазик и 94 на албански јазик. Од нив 1677 се лектирни изданија, а 2289 се стручна литература. Уредно се води библиотечната евиденција.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето. На крајот од учебната година предметните наставници даваат предлози и мислења за потребниот потрошен материјал за наредната учебна година и истите се обезбедуваат од страна на управата на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Училиштето вложува напори за обезбедување на наставен кадар согласно на нормативите и врши избор на наставници по пат на јавен оглас за вработување. Наставниците се оспособени да превземат одговорност и во наставата и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е соодветно на дополнета и олеснета од страна на административно-технички персонал.

Во учебната 2023/2024 година вкупниот број на наставници е 24 од кои 21 наставници се со високо образование, 2 наставници се со завршени магистерски студии и 1 со докторски студии. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

При распределба на наставниот кадар во предвид се земаат квалитетот и искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Училиштето понекогаш ангажира специјализирани наставници или експерти во соодветната област кои ефективно работат со учениците заедно со наставниот кадар од училиштето. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. Без разлика на бројот на часовите професорите имаат работно време, со што во случај на непредвидено отсуство во секое време има наставен персонал кој го заменува часот, а стручната служба изготвува план за замена, односно одржување на часот.

Училиштето има вработено 1 психолог кој им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво како и давање советодавна помош на учениците.

Психологот во својата Програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворен за соработка. Особено се значајни навремено изготвените анализи во електронска форма по предмети за секој ученик.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

Се вршат интерни едукации на наставниот кадар, преку организирани семинари и обуки за време на зимскиот распуст при што како предавачи се јавуваат и лица од пошироката образовна зедница. Наставниците имаат портфолија за професионален развој.

Повремено по поедини предмети наставници вработени во ПСУ „Јахја Кемал “ следат обуки кои ги вршат вработени од Бирото за развој на образование во училиштето по барање на Управата на училиштето, после тоа се врши дисеминација од обуките внатрешно на вработените.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Управниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар постојано го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Како приватно средно училиште финансиското работење е поинаку поставено во однос на државните училишта. За финансиското работење одлучува Бордот на Директори при Генералната Дирекција на сите училишта „Јахја Кемал“ во Република Северна Македонија.

Училиштето, односно Управниот Одбор редовно ги информира горенаведените органи за училишниот буџет и начинот на трошење. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите, а со одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.

Раководниот кадар ги консултира вработените кога тоа е потребно.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во ПСУ „Јахја Кемал“ - Скопје е Генералната управа која е под надлежност на Бордот на директори. Неговите надлежности и овластувања се дефинирани во Статутот на училиштето(број 0101-02/253 од 30.05.2019 година). Во секоја

образовна единица раководен орган е директорот кој истовремено е и претседател на Управниот одбор на образовната единица. Раководниот орган на образовната единица на ПСУ „Јахја Кемал“ - Струга добро раководи со училиштето и има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите субјекти во училиштето. Знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Професионалниот однос кон работата, ефективно комуницирање и раководење со вработените и грижата за нивниот професионален развој се одлики на работа на раководниот орган. Раководниот орган на училиштето работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на најголемиот број на субјекти во училиштето настојува да обезбеди подобар квалитет на наставата. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Раководниот орган и најголемиот број на субјекти, преку постојано следење и анализа на случувањата во училиштето, ги издвојува приоритетните цели и задачи и истите ги вградува во Годишната програма за работа на училиштето. Своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените, учениците и родителите во процесот на планирање, обезбедување квалитет и воспоставување на продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. За одлуките донесени на Управата на училиштата, вработените и сите заинтересирани субјекти навремено се информираат преку огласните табли, за време на состаноците, по електронска пошта, преку годишните програми и годишните извештаи за работа на училиштето во календарската година.

### 7.2.Цели и креирање на училишната политика

Во Програмата за развој на училиштето (заведена под број 0302/3 од 20.02.2023 година) дефинирани се целите кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на постигањата на учениците. Вработените и учениците земаат учество во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се информирани за начинот на нивното остварување и подобрување. Во остварувањето на зацртаните цели училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците, учениците, родителите, локалната заедница). Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Преку целосна анализа на работењето во претходната година училиштето предлага реално остварливи решенија кои ќе го подобрат квалитетот на наставата. Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализа на состојбата и искористување на потенцијалите на училиштето кои се опфатени во изработената Самоевалуација заведена под број 0302/35 од 30.11.2022 година. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Континуирано ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката на нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги идентификува потребите за стручно оспособување на наставниот кадар. Има воспоставено систем на внатрешна обука и пренесување на стекнатото знаење и континуирано се следи неговата примена. За остварување на оваа цел, интерно во училиштето се вршат дополнителни обуки и семинари за наставниците преку стручните активи и генералната управа, а сè со цел да се подобри квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Голем број на ученици учествувале на општински, државни натпревари и меѓународни олимпијади и проекти од различни области и освоиле награди;
- Редовно се врши испитување и мерење на заштитното заземјување на нисконапонската инсталација, испитување на квалитет на водата и достапната храна;
- Голема вклученост на учениците во воннаставните активности;
- Преку менторски систем на водење на класот (покрај класниот раководител секој клас има ментор) училиштето превзема активности за подобрување на постигањата на учениците;
- Постои интерна процедура за следење на планирањата и нивната реализација;
- На учениците по завршување на средното образование им се дава поддршка за продолжување на школувањето (тестови за професионална ориентација, подготовка за полагање на ТОЕФЛ тест);
- Хигиената во училиштето е на високо ниво;
- Училиштето е пример за негување на мултикултурализам и почитување на разликите;
- Во училиштето се врши следење на учениците по завршување на средното образование.

### Слаби страни

- Постои потреба од поголемо вклучување на наставниот кадар од училиштето на семинарите кои се организираат надвор од училиштето од страна на Бирото за развој на образованието или акредитирани провајдери.

### Препораки

- Да се вложат напори наставниците од училиштето да се вклучат на семинарите кои се организираат надвор од училиштето од страна на Бирото за развој на образованието или акредитирани провајдери.

| | |
|---|---|
| Виолетка Џутеска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Блерим Села, Инспектор | |
| Наташа Пинтоска Беќароска, Инспектор | |